Т. ТОМОСКИ

# ПРИЛОГ КОН УБИКАЦИЈАТА НА МОДРИЧКИОТ МАНАСТИР

Во Светостефанскиот хрисовул[1]) при набројувањето на црковните достоинственици на српската црква (епископи и игумени) е забележено и името (Вартоломеј) на игуменот на Модричкиот манастир.[2]) Тој го заземал деветтото место[3]) меѓу игумените и бил именуван веднаш по кончулскиот, а пред тетовскиот, гостиварскиот, ораовничкиот, нагоричкиот и скопскиот старешина на калуѓерите.[4]) Тоа е сѐ што се знае за споменатиот манастир, па затоа многу е тешко да се прави заклучок за неговата положба, како и да се разбере за кој Модрич станува збор.

Меѓу првите што се зафатиле со идентификацијата на манастирот бил Василие Марковиќ. Тој, во настојувањето да ја одреди положбата на манастирот, помислувал на дримколското село Модрич, како и на кичевскиот манастир Св. Ѓорѓи. Свртувањето на вниманието накај Дримкол било направено поради истоветноста на името на манастирот и на селото, коешто се наоѓа во Дримкол. Изборот на кичевскиот манастир за втор можен локалитет бил извршен со оглед на големата почит што српскиот владетел Милутин ја искажувал спрема него. Освен тоа, Василие Марковиќ нададава дека и охридскиот архиепископ Теофилакт забележал еден таков манастир во Кичево.[5]) Меѓутоа, Василие Марковиќ испушта од предвид дека дополнителниот податок што го дава за „модричке меѓе" „у границама села Стенче у Г. Пологу" всушност нѐ доближува до вистинската положба на манастирот.

---

[1] За датирањето на Светостефанскиот хрисовул и за местото на неговото издавање види кај Никола Радојчиќ, Српски државни сабори у средњем веку. Београд 1940, стр. 94.

[2] Според Рад. Грујиќ, игуменот на Модричкиот манастир Вартоломеј, заедно со другите манастирски старешини, учествувал на државниот собор за избор на пеќки патријарх, што се одржал во 1317 год. Радослав Грујиќ, Полошко-тетовска епархија и манастир Лешак. Гласник Скопског Научног Друштва, XII, стр. 50.

[3] Мѣста игоуменомь срьбскимь. . . ѳ модричкы и. . . Pavel Josef Šafařík, Památky dřevniho písemnictví jihoslovanův, стр. 55.

[4] Споменик СКА, IV, стр. 10 и 11.

[5] Василије Марковић, Православно монаштво и манастири у средњевековној Србији, Сремски Карловци 1920, стр. 96 и 97.

Наброгу по него, Владимир Петковиќ во „Извештај о стању и раду народног музеја“ го свртел вниманието на научната јавност кон поречкото село Модриште, како на место каде треба да се бара Модричкиот манастир. Според него „сви знаци“ упатуваат на с. Модриште и на тамошниот манастир Пречиста.[6])

Подоцна ваквото мислење било примено и поддржано од Петар Јовановиќ. Тој, при проучувањето на Порече, нашол урнатини од стара црква на месноста Манастир во с. Модриште, за кои претпоставувал дека потекнуваат од некогашниот Модрички манастир. П. Јовановиќ, во потврда на својата теза, го привел името на селото Модриште — Модрич, кое лежело во Порече. А овој предел, надодава авторот, е соседен на Полог, каде се забележени „модричките меѓи“.[7]) Меѓутоа, меѓите што ги предлага П. Јовановиќ не се селски меѓи, бидејќи се развлечени и се простираат преку 10 села.

Со утврдувањето на идентитетот на Модричкиот манастир се занимавал и Франц Месеснел. Тој, во статијата „Топографске белешке о неким црквеним споменицима у Поречу“, искажал сомнение во поглед на големината на црквата во с. Модриште, која според него била од „скромни димензии и скромен размер“, па затоа барал со сондажни работи да се утврди за колкав манастир станува збор.[8])

Како што се гледа, горе приведените убикации се ориентирани во барањето на локалитетот со име што било идентично или слично на називот на манастирот. Во тие прилози во извесна мера се запоставени страничните податоци што можат да ја олеснат работата околу утврдувањето положбата на манастирот. Имено, околу 1346 година во пописот на имотите на манастирот Богородица во Тетово се споменува и „кир Калиник од Модриче“.[9]) Потоа и во повелбата на српскиот владетел Душан и неговиот син Урош

---

[6] Годишњак СКА, XXX (1921), Београд 1922, стр. 242. Споменатиот автор го забележал Модричкиот манастир во Тетовско во книгата: Стари српски споменици у Јужној Србији, стр. VII.

[7] Петар Јовановић, Модрички манастир, Гласник Скопског Научног Друштва, III, Скопље 1928, стр. 278 и 279. Идентично мислење во врска со положбата на манастирот има и Рад. Грујић. Според него, метохијата на Модричкиот манастир во Порече на р. Треска имал меѓи над с. Стенче. Види ја наговата статија Полошко-тетовска епархија, на стр. 53. И М. Пурковиќ го клава Модричкиот манастир во Порече „можда у селу Модоришту, близу Јужног Брода“. Меѓутоа, тој не ја исклучува можноста дека Модричкиот манастир може да биде идентичен со манастирот св. Ѓорѓи во Кичевија. Миодраг Пурковић, Попис цркава у старој српској држави, Скопље 1938, стр. 23 и 32. Владимир Петковиќ го потврди уште еднаш порано искажаното мислење, според кое Модричкиот манастир се наоѓа „како изгледа код села Модришта на десној обали Треске, северно од Брода“. Владимир Петковић, Преглед црквених споменика кроз повесницу српског народа. Београд 1950, стр. 39.

[8] Франц Месеснел, Извештај о проучавању Јужне Србије на терену. Топографске белешке о неким црквеним споменицима у Поречу. Гласник Скопског Научног Друштва, XIII, стр. 183.

[9] Александар Соловјев, Одабрани споменици српског права, Београд 1926, стр. 130.

од 1337—1346 година за Тетовскиот манастир е забележено меѓу имотите и „Стенче село сь всѣми правинами и сь мегами, сь модричькыми и гостиварскыми..."[10]) Од приведениот податок се гледа дека полошкото село Стенче некогаш имало меѓи со с. Модрич. Меѓутоа, денес попусто би барале село со тоа име во близината и околу с. Стенче. Тоа име го нема и меѓу оние села што ги забележал Ј. Трифуновски како ишчезнати.[11])

Меѓутоа, во Полог постоело и денес постои село што некогаш го носело името Модрич. Благодарејќи на еден податок што ми го стави на располагање унив. професор Методија Соколоски е дадена можност да се утврди идентитетот на спомнатото село. Имено, во турскиот пописен дефтер од 1544/5 год., № 232, на лист 133/4 е регистрирано с. Модрич со вториот назив Пиргос (може да се чита и Прегаз). Селото Модрич со вториот назив Пергаз е забележено уште еднаш во споменатиот дефтер и тоа на стр. 144. Нема сомнение дека тоа се два назива за иста населба и дека старото име Модрич постапно било заменувано со Пиргос, секако, уште во почетокот на турското управување со Полог. Селото Пирок, чие име потекнува од грчкиот збор пиргос со значење кула[12]) е забележено под тој назив веќе во 1455 година.[13]) Селото Пиргос се споменува и во вакуфнамето на џамијата Теќе Маало во Тетово во 1463 година.[14])

Според тоа Модричкиот манастир треба да се бара во полошкото село Пирок, или во непосредната близина на населбата. Пирок лежи во подножјето на Шар планина, на работ од полошката котлина, на спротивната страна од с. Стенче. Во споменатото село на северозападната и југоисточната страна постојат месности Ке Киша (Кај Црквата) каде и денес се зачувани трагови од некогашни црковни објекти. Првиот топоним се наоѓа на една тераса над селото и зафаќа прилично голема површина во облик на четвороаголник. По рабовите на локалитетот има грамади од камења. Ќерамиди се сретнуваат насекаде на теренот. Освен тоа, девојките од селото (по вера муслимани), според зачуваниот обичај, секоја година во четвртокот пред Ѓурговден излегуваат на црквиштето и се валкаат по тревата. Вториот локалитет Ке Киша се наоѓа спрема с. Градец и има помал обем. На теренот се растурени тули а има останки и од водовод. При утврдувањето на положбата на Модричкиот манастир треба да се има предвид дека

---

[10] Стојан Новаковић, Законски споменици српских држава средњега века, Београд 1912, стр. 658.

[11] Јов. Трифуноски, Села кои сега не постојат во Полог, Годишен зборник на Филозофскиот факултет во Скопје 2, стр. 155—175.

[12] Рад. Грујић, нав. статија, стр. 37. Види ја и мојата статија: Апелативи на нашите средновековни градови, „Историја", 1—2, стр. 5.

[13] Селото Пирок со 6 домаќинства соколари било во составот на тимарот на Алија, старешина на соколарите. Hazim Sabanović, Krajište Isa-bega Ishakoviča. Zbirni katastarski popis iz 1455. godine, Sarajevo, стр. 93.

[14] Глиша Елезовић, Турски споменици I, стр. 49, 51 и 63.

во непосредната близина на с. Пирок се наоѓа с. Градец (ги дели само еден порој). На тоа место некогаш постоела антична[15]) и средновековна населба.[16]) Таму сретсело, кај чешмата, поправо кај Венди и Кишес (местото на црквата) се распознаваат стари гробови.[17]) Освен тоа, од чешмата во правец кон Градиштето (кон некогашното кале) се простира масивен ѕид што е изграден од камен и тули и што има импресивни димензии. Сондажните испитувања секако ќе ја утврдат точната позиција, како и димензиите на манастирот.

Tomo TOMOSKI

## BEITRAG ZUR LOKALISIERUNG DES KLOSTERS MODRIČ

### Zusammenfassung

Das Kloster Modrič ist nur in der Goldenen Bulle des Kloster St. Stefan vermerkt und weiter führt uns keine Spur. Das Bestreben der Wissenschaftler, die Lage des genannten Klosters za bestimmen, war vorwiegend im Porečer Dorf Modrište und dortigen Kloster Prečista zu suchen. Man verfügt aber über Angaben, die die erwähnte Lagebestimmung widerlegen und die Lage des Klosters genau bestimmen. In der Urkunde des serbischen Herrschers Dušan und dessen Sohn Uroš über das Tetover Kloster wird das Dorf Štenče (im Tal Polog) mit Modrić Grenzen erwähnt. Der Ort Modrič ist Mitte des 14. Jahrhunderts in der Güterbeschreibung des Klosters Bogorodica in Tetovo vermerkt. Übrigens ist das Dorf Modrič im Grundstückverzeishnis im Jahre 1544/5, Nr. 232, S. 133/4 mit seinem zweiten Namen Pirgos (Pregaz, Pergaz) registriert. Das Dorf Pirok (Pirgos) besteht heute in Polog, in der Nähe des Dorfes Gradec und an der Grenze des Dorfes Stenče. In Piroks Umgebung liegt der Platz „ke kiša" (bei der Kirche), wo es Spuren des ehemaligen Kirchenobjekts gibt. In Gradec, unter dem mittelalterlichen Gradište, bzw. in der Dorfmitte bei der Lokalität „vendi i kišes" (Kirchplatz) ist die Mauer mit großen Abmessungen erhalten. Hier, in diesen Lokalitäten, ist das ehemalige Kloster Modrič zu suchen, dessen Oberhaupt den neunten Platz unter den Äbten einnimmt.

---

[15] Задниве години во селото се најдени плоча и биста од бел камен. Види ја и статијата на Иван Микулчиќ, Минатото на гостиварскиот крај преку археолошки наоди, Гостиварскиот крај, природно-географски одлики и општествено-економски карактеристики, кн. I. — Гостивар 1970, стр. 80.

[16] Види ја мојата статија: Дали постоел град Полог, Гласник на Институтот за национална историја I—1, стр. 272.

[17] Иван Микулчиќ рекогносцирал во с. Градец црква со камени делови, архитектонски украси и остатоци од поден мозаик. Иван Микулчиќ, нав. статија, стр. 84. Види и кај Блага Алексова, Средновековни наоѓалишта во Полозите, Гласник на Институтот за национална историја, Скопје 1959, III—1, стр. 230.